35

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 01-[illegible]-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 09- | 08/1 | / | / |

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение за рурален развј „ЈАВОР“ Зрновци** Зрновци 25-571-20

(Име на здружението/ фондацијата)

**ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ**

**Зголемување на дигиталните вештини на земјоделските производители со цел прилагодување кон новонастанатите пазарни и економски услови на работење**

(Име на проектот)

Зрновци, 27.01 2021 година
(Место) (датум)


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk
Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | Бр.25-57/1 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за рурален развој „ЈАВОР" Зрновци |
| Наслов на проектот | Зголемување на дигиталните вештини на земјоделските производители со цел прилагодување кон новонастанатите пазарни и економски услови на работење |
| Период на спроведување на проектот | од 19.06. 2020 година до 31.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Жаклина Голчева |
| Проектен менаџер | Жаклина Голчева |
| Телефон и е-пошта за контакт | 078/38 42 42 , zgolceva@yahoo.com |
| Цел на проектот | Целта на проектот е зголемување на знаењата и вештините на земјоделските производители за користење на дигиталната опрема и алатки за електронско работење со цел што побрзо и поефикасно прилагодување на новонастанатите услови на работење предизвикани од **КОВИД-19.** |
| Целна група | Главна целна група односно директни корисници кои беа опфатени со проектните активности се земјоделски производители од 11 општини на Источно планскиот регион |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Општините: Штип, Пробиштип, Карбинци, Чешиново Облешево, Кочани, Зрновци, Виница, Македонска Каменица, делчево, Пехчево и Берово. |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 776.250 денари |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 776.205 денари |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Главната цел на овој проект беше зголемување на знаењата и вештините на земјоделските производители за користење на дигиталната опрема и алатки за електронско работење со цел што побрзо и поефикасно прилагодување на новонастанатите услови на работење предизвикани од ковид-19 кризата.

Проектот се реализираше во 11 општини од Источно планскиот регион, во соработка со 13 невладини организации, 3 земјоделски задруги и 50 регистрирани земјоделски производители. Во одредени општини беше остварена соработка и со Локалните самоуправи и Агенцијата за потикнување на развојот на земјоделието (АПРЗ на РМ) со помош на кои обезбедивме простории за одржување на обуките.

Во рамките на проектните активности беа спроведени 8 практични обуки за подобрено ефективно користење на дигитлната технологија и ИКТ алатки, на кои што обуки беа опфатени 116 земјоделски производители, беа реализирани 3 онлајн обуки за пријавени вкупно 53 учесници , кои има можност да стекнат теоретско и практично знаење и искуство за онлај продажба, брендирање и добивање на индивидуална подршка од меѓународниот консултант Д-Р Ристо Иванов, за регистрирање и уредување на сопствени Е-продавници, ВЕБ и Фејбук страни.

Во делот на активноста поврзана со хуманитарно-техничка подршка на земјоделски производители беше поделена помош во 110 социјални пакети (по 10 во секоја општина) , кои содржеа средства за хигиена,

дезинфекција и производи за имунитет(мед и прополис), сметајќи дека во услови на пандемија тоа се артикли кои најмногу се потребни на земјоделските производители. На 33 регистрирани земјоделски стопанства ( по 3 во секоја општина), кои имаат финнсиски проблеми, настанати како резултат на ковид кризата им беа поделени репроматеријали во: сточна храна (пченка), медени погачи за прехрана на пчелните семејства и ваучери за нафта за есенска обработка на земјоделските површини. Во секоја општина беа опфатени по еден сточар, пчелар и земјоделец кој се занимава со растително производство.
Во текот на обуките на понапредни 80 земјоделски производители им беше поделен Водич за електронско пополнување на Е-барање, за да можат самите да се приклучат на платформата на МЗШВ на РМ и самите да се пријавуват за субвенци , да аплицираат за мерките за рурален развој и да вршат пријавување и одјавување на производни капацитети.
Во текот на самите обуки на одредни заинтересирани земјоделски производители им беа давани совети и консултации за можноста и начините за здружување, предноста од членување во локални и национални здруженија, начинот на користење на програмите за рурален развој и др.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Подготвителни активности со цел запознавање на целната група со проектните активности | Подготовка на соопштенија до медиумите, јавен оглас, испраќање на информации до општините, локалните здруженија и земјоделски производители. Проектниот тим обрна внимание на посебните протоколи за Covid 19 и подготовки за средбите со земјоделците, подготовка на листа на учесници, анкетни листови, презентации и сл. Со цел поголема визибилност на проектот изработен е и банер за проектот. | 01-15.07/2020 | Информирани се сите вклучени страни за временската рамка на предвидените активности. Подготвен план за активности, листа на НВО - партнери на терен од секоја општина, остварени контакти и консултации со сите преставници на терен од општините со цел испитување на можности и специфики за средбите и обуките на терен |
| Избор на комисија | Одржан состанок со управниот одбор на ЗРР Јавор со цел информирање за целите на проектот и давање на предлог за збор на комисија за избор на консултант за одржување на обуките и спроведување на постапката и критериумите за избор на добавувачи на производи и репроматеријали за социјалните и технички пакети кои ќе бидат донирани на земјоделски призводители | 30.07.2020 | Избрана трочлена комисија од ЗРР Јавор |
| Изнаоѓање на локални здруженија на земјоделци за реализација на обуките и предлози за поделба на социјални и технички пакети за подршка на земјоделски производители | Остварени контакти со 11 Локални земјоделски здруженија од 11 општини од ИПР и договорени локации за одржување на обуки со услови за спазување на критериумите и мерките за заштита од КОВИД | 01-30.07/2020 | Потпишан договор за соработка со Здруженијата: -ПЗ„Рој“ Пробиштип, - ЗОП„Аронија“ Дечево,- ИНИ Виница, ЗЗ „Плачковички Јурук„ Карбинци, ЗЗ„Агропродукт“ Штип, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ЕПЗ„Златна Кошница“ Кочани, ПЗ „Еко Кам Мед“ Македонска Каменица, „ Агро Малеш„_Берово, З.Г.„Амброзија“Пехчево, „Оризова братимка“ Чешиново Облешево |
| Спроведена постапка за избор на консултанти за обуките | Доставени барања до локални консултанти за доставување на ЦВ, писмо за интерес и понуда | 01-15.08/2020 | Избрани и потпишан договор со 4 консултанти за обуки: Благој Данев, Тодор Цонев, Марјан Арсов и Ристо Иванов |
| Спроведена постапка за избор на добавувач | Дефинирање на содржина на производи за социјалниот пакет | 01-15.08/2020 | Избран Добавувач и изготвени 110 хуманитарни пакети за земјоделски производители |
| Печатење на водич за електронско пополнување на Е-барање | Изготвување и печатење на водич( упатство) за електронско пополнување на Е-барање за земјоделски производители | 15-20.08/2020 | Поделени 80 водичи |
| Одржана обука во општина Пробиштип | Спроведена практична обука за создавање и поднесување на Е-барање, основни информации за интернет веб страни од инетрес за земјоделците, дискусија околу дигитализација, потреби , проблеми и сл. | 10.09.2020 | Зајакнат капацитет на 15 земјоделски производители за можноста на користење на дигиталните алатки и поднесување на барања до институциите по електронски пат во услови на КОВИД19 |
| Одржана обука во општина Делчево | Спроведена практична обука за создавање и поднесување на Е-барање, основни информации за интернет веб страни од инетрес за земјоделците, дискусија околу дигитализација, потреби , проблеми и сл. | 20.09.2020 | Зајакнат капацитет на 15 земјоделски производители за можноста на користење на дигиталните алатки и поднесување на барања до институциите по електронски пат во услови на КОВИД19 |
| Одржана обука во општина Македонска Каменица | Спроведена практична обука за создавање и поднесување на Е-барање, основни информации за интернет веб страни од инетрес за земјоделците, дискусија околу дигитализација, потреби , проблеми и сл. | 24.09.2020 | Зајакнат капацитет на 15 земјоделски производители за можноста на користење на дигиталните алатки и поднесување на барања до институциите по електронски пат во услови на КОВИД19 |
| Одржана обука во општина Македонска Виница | Спроведена практична обука за создавање и поднесување на Е-барање, основни информации за интернет веб страни од инетрес за земјоделците, дискусија околу дигитализација, потреби , проблеми и сл. | 29.09.2020 | Зајакнат капацитет на 15 земјоделски производители за можноста на користење на дигиталните алатки и поднесување на барања до институциите по електронски пат во услови на КОВИД19 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одржана обука во општина Штип | Спроведена практична обука за создавање и поднесување на Е-барање, основни информации за интернет веб страни од инетрес за земјоделците, дискусија околу дигитализација, потреби , проблеми и сл. | | Зајакнат капацитет на 15 земјоделски производители за можноста на користење на дигиталните алатки и поднесување на барања до институциите по електронски пат во услови на КОВИД19 |
| Одржана обука во општина Карбинци | Спроведена практична обука за создавање и поднесување на Е-барање, основни информации за интернет веб страни од инетрес за земјоделците, дискусија околу дигитализација, потреби , проблеми и сл. | 30.09.2020 | Зајакнат капацитет на 15 земјоделски производители за можноста на користење на дигиталните алатки и поднесување на барања до институциите по електронски пат во услови на КОВИД19 |
| Медиумска промоција на проектот | Одржани се две медиумски презентации во Пробиштип и Делчево за целите и задачите во проектот и најава за идните активности | 1.09.2020 и 20.09.2020 | Зголемена видливост на проектот и подигната свест за важноста за прилагодување со новата состојба со пандемијата. |
| Одржана обука во општина Берово | Спроведена практична обука за создавање и поднесување на Е-барање, основни информации за интернет веб страни од инетрес за земјоделците, дискусија околу дигитализација, потреби , проблеми и сл. | 29.10.2020 | Зајакнат капацитет на 13 земјоделски производители за можноста на користење на дигиталните алатки и поднесување на барања до институциите по електронски пат во услови на КОВИД19 |
| Одржана обука во општина Чешиново Облешево | Спроведена практична обука за создавање и поднесување на Е-барање, основни информации за интернет веб страни од инетрес за земјоделците, дискусија околу дигитализација, потреби , проблеми и сл. | 31.10.2020 | Зајакнат капацитет на 13 земјоделски производители за можноста на користење на дигиталните алатки и поднесување на барања до институциите по електронски пат во услови на КОВИД19 |
| Онлајн обука на тема: Креирање на е-продавница за продажба на земјоделски производи.<br>Предавач: Д-р Рист Иванов РМР | Практична онлајн обука беше спроведена за заинтересирани земјоделски производители , здруженија и задруги кои планираат да отпочнат со онлајн продажба на своите производи | 12.12.2020 | Стекнати основни познавања на 24 учесници за отварање на е продавница и отпочнување со онлајн продажба и рекламирање на социјалните медиуми |
| Онлајн обука на тема:Купување и продавање на интернет<br>Предавач: Д-р Рист Иванов РМР | Разработување на техниките, методите и примена на алатки за онлај комуникација со купувачите, дефинирање на цени, промоција, дистрибуција, наплата . | 13.12.2020 | -стекнување вештини за користење на интернет алатки за водење на е-продавница на 20 уцесници на вебинарот и практична подршка на 12 земјоделски производители во отварање на онлај продавници на платформата be-digitalised.html |
| Онлај обука на тема:Брендирање и маркетинг за раст преку интернет<br>Предавач: Д-р Рист Иванов РМР | Креирање на бренд, интернет маркетинг и промоција преку социјалните медиуми и конверзија на посетители на е-продавница | 20.12.2020 | Стекнување на напредни вештини во креирање на сопствен бренд на 14 уцесници на предавањето и индивидуална подршка за креирање и подобрување на 5 web страни и 3 фејсбук |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | профили на земјоделски производители и здруженија |
| Делење на социјални пакети и матерјално техницка подршка на земјоделски производители | Во овој период беа дистрибуирани социјални пакети (хигиенско-здраствени) кои содржат средства за хигиена, дезинфекција и производи за зајакнување на имунитет(мед и прополис) . Во секоја општина на 3 евидентирани земјоделски производители (пчелар, сточар, и растително производство) беше поделена подршка во репроматеријали ( сточна храна, медени погачи за прехрана на пчели и ваучери за гориво), кои имаат потешкотии во работењето. Распределбата на пордшката беше направена на земјоделски производители предложени од локални здруженија од сите 11 општини. | 01.09 – 15.12 /2020 | Поделени 110 социјални наменски пакети на социјално загрозени земјоделски семејства и 33 економско загрозени земјоделски производители со репроматеријали за производство. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во текот на целиот период на спроведување на проектот, проблемот со зголемен број на заболени и починати од Covid 19 ни создаде проблем при организацијата и присуството на земјоделци кои покажаа смелост да дојдат на нашите средби. Почитувањето на препораките и протоколот за ваков вид на средби не беше проблем но сепак преставуваше организациона потешкотија. Во три општини ( Зрновци, Кочани и Пехчево) поради одлуката на владата и забраната за одржување на помасовни собири во месеците ноември и декември за кога беа предвидени предавањата.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Медиумска промоција на проектот на локалните телевизии во Кочани, Пробиштип, Делчево и Карбинци, МИА | | | 6 |
| | | | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Според направените анализи на реализирани активности и постигнати резултати, опишани детално во извештајот, може да се заклучи дека и покрај проблемите настанати со ковид кризата, целите предвидени во проектот се остварени во однос на: реализирање на предвидените активности, вклучување на целната група, добивање на конкретни резултати во делот на подигање на свеста кај земјоделските производители за потребата од развивање на дигиталните вештини и прилагодување на новите услови на електронска продажба на своите земјоделски производи, како и новите предизвици за стекнување на нови вештини и знаења за овој вид на интернет продажба и комуникација со потрошувачите.
Во однос на одржливост на проектот, во проектот беа вклучени локални здруженија и земјоделски задруги, во кои одредени поактивни членови беа подетално информирани и ангажирани да направат сопствени анализи и планови за можноста од формирање на локални едукативни центри каде би можеле земјоделците да добиват стручна помош во делот на развивање на нивните дигитални вештини. Ова би

можело да преставува продолжување на проектот во делот на опремување на вакви центри во земјоделските здруженија и задруги и можност за реализирање на достапна локална подршка на земјоделски те производители.
Во рамките на активностите беше спроведена и анкета преку прашалник( го имате во прилог на материјалите од извештајот) преку кои што се детектираа потребите на земјоделците а со тоа и дефинирање на идните активности.
Во текот на шестмесечната реализација на проектот, преку Инфо центарот на Националната федерација на фармери кој функционира во рамките на ЗРР Јавор Зрновци беа зачленети 27 земјоделски производители во НФФ, а со тоа и создавање на услови за нивно вклучување во активностите што ги спроведува федерацијата.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | 150.000 | 150.000 | |
| **II. Оперативни трошоци** | 157.500 | 158.225 | Во оперативните трошоци се ставени трошоците за банкарски провизии како канцелариски трошок, кои во првично предложениот проект не беа предвидени |
| **III. Директни трошоци** | 468.750 | 467.980 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **776.250** | **776.205** | |

## 8. Документација

(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)
- Банкарски изводи
- Фактури, налози
- Списоци од учесници на обуки
- Списоци од примателни на социјална и материјална подршка по општини
- Договори со консултанти
- ЦД со фотографии и линкови од медиумска презентација на проектот

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Зрновци, 27.01. 2021 год. ___Жаклина Голчева,претседател на ЗРР Јавор__

(Место) (датум) (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. (Потпис)

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | **Здружение за рурален развој ЈАВОР - Зрновци** | | | |
| Наслов на проектот | **Зголемување на дигиталните вештини на земјоделските производители со цел прилагодување** | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 776.250 | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | 0 | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 776.250 | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Плати и надоместоци | 90.000 | 90.000 | 0 | 0% |
| Плати и надоместоци за асистент | 60.000 | 60.000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Вкупно за I | **150.000** | 150.000 | 0 | 0 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспорт | 22.500 | 22.500 | 0 | 0% |
| Заштитна опрема(маски,дезифециенси) | 27.000 | 27.000 | 0 | 0% |
| Канцелариски трошоци | 18.000 | 18.000 | 0 | 0% |
| Банкарски провизии | | 725 | | #DIV/0! |
| Услуги-хонорар за експерти за обука | 90.000 | 90.000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Информации и комуникација | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| | | | 0 | #DIV/0! |
| Вкупно за II | 157.500 | 158.225 | -725 | 0% |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Активност 1:Освежување за обуките(вода, кафе) | 6.750 | 6.750 | 0 | 0% |
| Активност 2: Материјално-техничка подршка на социјално загрозени земјоделски производители | 313.500 | 313.500 | 0 | 0% |
| Активност 3: Материјална, Психо-социјална и хуманитарна помош | 148.500 | 147.730 | 770 | 1% |
| Вкупно за III | **468.750** | 467.980 | 770 | **0%** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **776.250** | 776.205 | 45 | **0%** |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.

ЈАВОР